ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 39 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 19 став 2 од Статутот на Општина Валандово и член 60 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Валандово, донесувам

## **Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесет и четвртата редовна седница**
**на Советот на Општина Валандово**

Ја свикувам четириесет и четвртата редовна седница на Советот на Општина Валандово.

Седницата ќе се одржи на ден 28 ми март 2025 година (петок) во 11:00 часот во салата за седници на Советот на Општина Валандово.

За работа на четириесет и четвртата редовна седница го предлагам следниот:

## **Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог – Одлука за одобрување финансиска помош на семејствата на настраданите во несреќата во Кочани;
2. Предлог – Програма за измена на програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Валандово за 2025 година;
3. Предлог – План за измена на годишниот план за вработување на Општина Валандово за 2025 година;
4. Предлог – Одлука за одобрување средства на ЈОУ Дом на култура „25-ти Мај” Валандово за реализација на уметничко авторско дело-мурал;
5. Предлог – Одлука за утврдување на висината на комуналните такси;

Претседател
на Совет на Општина Валандово
Владимир Марков